**20140471399**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 1 а) точка 8 и став 1б) точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013 и 187/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на Товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 102/07, 104/07, 151/07, 22/08, 100/2008, 95/2009, 131/2009, 44/2010, 171/2010, 61/2011, 62/2011, 99/2011, 158/2011, 42/2012, 63/2012 и 159/2012), во натамошен текст Листа на лекови, во членот 1 за лековите во колоната 6 – Јачина, назначените јачини на лекови се заменуваат со кратенката „СРЈ“.

Член 2

Во членот 1 од Листата на лекови во колоната 5 - Фармацевтска дозажна форма, се врши замена на зборовите „таблети, филм обложени таблети, обложени таблети, ородисперзибилни таблети, таблети за перорален раствор, гастрорезистентни таблети и таблети за џвакање“ со зборот „таблети“.

Член 3

Во членот 1 од Листата на лекови во делот „Легенда – Фармацевтски дозажни форми и јачини“, по зборовите „СРЈ – сите регистрирани јачини“ се додаваат зборовите „на лекот во РМ (лекови во промет согласно Законот за лекови и медицински помагала)“ и по зборовите „СРФ – сите регистрирани форми“ се додаваат зборовите „на лекот во РМ (лекови во промет согласно Законот за лекови и медицински помагала)“.

Во членот 1 од Листата на лекови во делот „Легенда – Фармацевтски дозажни форми и јачини“, под кратенките СРЈ и СРФ се додаваат зборовите „Таблети/капсули - сите формулации на таблети и капсули за орална употреба, освен формулациите со продолжено или модифицирано ослободување“.

Член 4

Во членот 1 од Листата на лекови, во колоната 5 - Фармацевтска дозажна форма, се вршат следните измени и дополнувања:

- кај АТС кодот C01DA02 - „Glyceryl trinitrate - капсули СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „капсули” се додава „капсули со продолжено ослободување“;
- кај АТС кодот C01DA08 - „Isosorbide dinitrate – таблети/капсули СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „таблети/капсули” се додава „капсули со продолжено ослободување/таблети со продолжено ослободување“;

- кај АТС кодот C08CA05 - „Nifedipine – таблети СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „таблети” се додава „таблети со продолжено ослободување/таблети со модифицирано ослободување“;
- кај АТС кодот C08DA01 - „Verapamil – таблети СРЈ“, во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „таблети” се додава „таблети со продолжено ослободување“;
- во АТС кодот C08DB01 - „Diltiazem – таблети СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „таблети” се додава „таблети со продолжено ослободување“;
- кај АТС кодот G04CA02 - „Tamsulosin – капсули/ таблети со продолжено ослободување СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборовите „капсули/таблети со продолжено ослободување” се додава „капсули со продолжено ослободување/капсули со модифицирано ослободување“;
- кај АТС кодот R03DA05 - „Aminophylline – таблети СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „таблети” се додава „таблети со продолжено ослободување“;
- кај АТС кодот N05BA12 - „Alprazolam – таблети со продолжено ослободување СРЈ“, во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборовите „таблети со продолжено ослободување” се додава „таблети со модифицирано ослободување“;
- кај АТС кодот N03AG01 - „Valproic acid, sodium valproate – таблети СРЈ“, во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „таблети” се додава „таблети со продолжено ослободување“;
- кај АТС кодот N03AF01 - „Carbamazepine – таблети СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „таблети” се додава „таблети со продолжено ослободување“;
- кај АТС кодот N02AX02 - „Tramadol – капсули/таблети СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „капсули/ таблети” се додава „таблети со продолжено ослободување“;
- кај АТС кодот M01AE03 - „Ketoprofen – капсули/ таблети СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „капсули/таблети” се додава „таблети со продолжено ослободување“;
- кај АТС кодот M01AB05 - „Diclofenac – капсули/ таблети СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „капсули/ таблети” се додава „капсули со продолжено ослободување/таблети со продолжено ослободување/таблети со модифицирано ослободување“;
- кај АТС кодот N01AB06 - „Isofluran – инјекции СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, зборот „инјекции” се заменува со зборот „пареа за инхалирање, раствор“;
- кај АТС кодот B05CX10 - „Комбинации (sorbitol + mannitol) – раствор за инфузија СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, зборот „ раствор за инфузија” се заменува со зборот „раствор за промивање на мочен меур“;
- кај АТС кодот N03AG01 - „ Valproic acid, sodium valproate – капки за орална употреба СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборовите „капки за орална употреба” се додава „сируп“;
- кај АТС кодот J01DC02 - „Cefuroxime – таблети СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборот „таблети” се додава „перорална суспензија“;
- кај АТС кодот R03BB04 - „Tiotropium bromide – прашок за инхалирање, капсула СРЈ“ во колоната 5 – “фармацевтска дозажна форма”, по зборовите „прашок за инхалирање, капсула” се додава „раствор за инхалација“.

Член 5

Во членот 1 од Листата на лекови, во колоната 1 - АТЦ код, се врши измена за:

- кај АТЦ кодот J01CA12 – „Piperacillin + tazobactam – инјекции CPJ“ во колоната 1 – “АТЦ код”, ознаката „J01CA12” се заменува со „J01CR05“;
- кај АТЦ кодот L01XX28 – „Imatinib – таблети CPJ“ во колоната 1 – “АТЦ код”, ознаката „L01XX28” се заменува со „L01XE01“;
- кај АТЦ кодот L04AA01 – „Ciclosporin – капсули CPJ“, „Ciclosporin – раствор за орална употреба CPJ“ и „Ciclosporin – инјекции CPJ“, во колоната 1 – “АТЦ код”, ознаката „L04AA01” се заменува со „L04AD01“;
- кај АТЦ кодот L04AA05 – „Tacrolimus – капсули CPJ“, во колоната 1 – “АТЦ код”, ознаката „L04AA05” се заменува со „L04AD02“;
- кај АТЦ кодот S01AA20 – „Tobramycine, dexamethasone – маст за очи CPJ“ и „Tobramycine, dexamethasone – капки за очи CPJ“, во колоната 1 – “АТЦ код”, ознаката „ S01AA20” се заменува со „S01CA01“.

Член 6

Во членот 1 од Листата на лекови, во колоната 7 - Режим на пропишување, се вршат следните измени и дополнувања:
- кај АТЦ кодот N03AX14 – „Levetiracetam – таблети CPJ“ и „Levetiracetam – раствор за орална употреба CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, по зборовите „RS – лекот се пропишува по добиено мислење од клинички конзилиум“ се додаваат зборовите „или болнички конзилиум“;
- кај АТЦ кодот C01DA02 – „Glyceryl trinitrate – сублингвален спреј CPJ“ во колоната 7 – “режим на пропишување”, ознаката „RSS” се заменува со ознаката „R“.

Член 7

Во членот 4-а од Листата на лекови, по зборовите „референтната цена на ФЗОМ“ се додаваат зборовите „односно одобрената цена на лекот во РМ“.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-2014/11 | Управен одбор |
| 3 февруари 2014 | Заменик на претседателот, |
| Скопје | **Ангел Митевски,** с.р. |